# КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# "ВОДОВОД " - КОЧАНИ

# ИЗВЕШТАЈ

**За финансиското работење во период од 01.01 до 30.06.2024 год.**

**Јуни, 2024 год.**
**Кочани**

КЈП " Водовод " Кочани како единствено Комунално Јавно Претпријатие во Општина Кочани ги обавува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината.За обавување на целокупната дејност претпријатието е организирано во седум сектори кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

**Организационите сектори се :**

1. ***Сектор "Водовод и Канализација "***
2. ***Сектор"Комунална Хигиена "***
3. ***Сектор"Геотерма "***
4. ***Сектор "Градско Зеленило и гробишта "***
5. ***Сектор "Финансиско и комерцијално работење"***
6. ***Сектор "Општи и правни работи"***
7. ***Сектор " ИТ и развој ".***

За обавување на комуналните дејности во наведените сектори се ангажирани просечно 194 работника во постојан работен однос, додека просечниот број на времено ангажирани работници е 71 .

**I.Преглед на вработени по Сектор и стручна спрема со 30.06.2024 година**

**Табела 1**

| Ниво на образование | Менаџмент | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | СЕКТОР ГЕОТЕРМА | СЕКТОР ЗА ИТ И РАЗВОЈ | СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ | СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво I - завршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 3 | 0 | 26 | 6 | 50 |
| Ниво II - завршено двегодишно средно стручно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| Ниво III - завршено тригодишно средно стручно образование или четиригодишно образование за лица со посебни потреби | 0 | 0 | 0 | 7 | 1 | 0 | 3 | 1 | 6 | 2 | 20 |
| Ниво IV - завршено четиригодишно образование (гимназиско, техничко, уметничко или друго) или петгодишно образование | 0 | 0 | 0 | 32 | 6 | 0 | 10 | 19 | 6 | 7 | 80 |
| Ниво VA - завршени кратки стручни студиски програми во високо образование (стекнати 60 или 120 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| Ниво VIБ - завршени тригодишни додипломски студии (стекнати 180 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Ниво VIA - завршени четиригодишни додипломски студии (стекнати 240 кредити ЕКТС) | 2 | 1 | 1 | 5 | 1 | 4 | 2 | 5 | 1 | 2 | 24 |
| Друго | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 |
| Незавршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **2** | **1** | **1** | **63** | **8** | **4** | **19** | **27** | **42** | **21** | **188** |

Просечен бруто личен доход по работник во 2024 год. за период од 01.01 до 30.06 изнесува 43.672,00 ден. споредeн со 2023 год. кој изнесува 36.247,00 ден., додека Нето-личен доход по работник во 2024 год.за извештајниот период изнесува 28.581,00 ден.споредeн со 2023 год. кој изнесува 24.146,00 ден.

## II. Остварени финансиски резултати во деловната 2022 и 2023 година

Во своето работење во 2022 год. КЈП " Водовод " има постигнато позитивен финансиски резултат односно загуба од **68,913,137,00** денари а во 2023 година има постигнато загуба од **59.661.057,00** денари.

**Табела 2**

| Ред. Број | Биланс на Успех | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| 1 | **А.ПРИХОДИ** | **255.385.775,00** | **228,787,443,00** |
| 2 | **Б.РАСХОДИ** | **324.730.671,00** | **293,091,712,00** |
| 3 | **В.Бруто добивка/загуба** | **-69,344,916,00** | **-64.304.268,00** |
| | **-данок од добивка** | **0,00** | **0,00** |
| | **-непризнаени расходи за даночни цели** | **431,779,00** | **4.643.211,00** |
| | **-нето добивка/загуба** | **-68,913,137,00** | **-59.661.057,00** |

# Планирани активности и реализација на деловни резултати во вториот квартал на 2024 година

Деловната 2024 година е година во која активностите ќе бидат насочени кон реализацијата на годишните програми донесени од Советот на Општина Кочани , оперативните програми за работа на КЈП "Водовод" и од законските решенија кои го детерминираат работењето во комуналните дејности.

Во **Секторот ,, Водовод и канализација"**во вториот квартал на деловната 2024 година извршена е санација и изведени нови и реконструирани водоводни линии на повеќе улици во Општината.

Нови водоводни линии на ул.,, Ѓорче Петров" Ф 5/4 , Л=27 м и ул. ,, 15-ти Македонски Корпус" Ф3/4 со Л= 92 м .

Поставена е нова канализациона линија со Ф160 со Л=52 м на ул. ,, Кресенско востание"

Поставени се 8 (осум) капаци на канализациони шахти во селата и градот. Извршена е поправка на шахти за фекална канализација и решетки на повеќе локации во Општината.

Оделението за одржување на водоводната мрежа вршеше континуирано и навремено санирање на настанатите дефекти на водводните линии.

На повеќе локации во градот се изврши санација со бетонирање по поправката на водоводни и канализациони дефекти.

Со специјалните возила Канал џет и џет трејлер се продолжи со континуирано чистење на преливниците во градот и критичните канализациони линии. Исто така континурано се врши и чистење на колекторскиот систем.

Во овој квартал во бунарскиот систем во ПС Грдовци во тек е реализацијата на планот за добивање на додатни 30 л/с од постоечките бунари, заради добивање на поголема издашност во Б24 поставен е нов пумпен агрегат со моќност од 15 kW, а извадениот е поставен во Б17 од каде изведениот со моќност од 5,5 kW треба да биде поставен во Б14, а со одвојување на линиите до резервоарот на Б21 и Б19 за кој бунар се поставени две црева, во план е и чистење на линијата на Б24.

Во ПСОВ Мојанци се продолжи со процесот на производство и искористување на био гас во топлинска и електрична енергија, а се продолжи со процесот на пробно производство на компост. Ново поставената фотонапонска централа во ПСОВ Мојанци која е пуштена во пробна работа се очекува да се добие лиценца за неа во тек на месец Август.

Фабриката за вода продолжи со тековна работа за континуирано следење на СКАДА системот и на исправноста на водата за пиење. За новата фотонапонска централа од 210 kW поставена на кровот на Фабриката за вода се чека да бидат поставени инверторите.

Во Секторот ,,**Комунална хигиена''** во периодот од 01.04-30.06.2024 год. реализирано е следното:

Се постапуваше по програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани. Редовно се вршеше метење на јавни површини, улици и паркинзи дефинирани со програмата за јавна чистота. Дивите депонии постојано се чистат со градежна механизација.

Собирањето на отпад се одвива нормално спрема дневните распореди. Се собира отпад од домаќинствата и стопанските субјекти. Количината на депониран отпад за периодот од 01.04.2024-30.06.2024 изнесува 16253м3.

Се врши постојана поправка на целокупната механизација и опрема на КЈП „Водовод“.

Редовните сервиси на возилата исто така се навремено извршени.

**Секторот ,,Градско зеленило и православни гробишта''** во вториот квартал на деловната 2024 година со своите работници комплетно се грижеше и го реализира се она што го бараше комуналниот ред во смисла на целта за која е организирана.

Навремено беа косени сите зелени површини предвидени со програмата на Општината и некои површини надвор од програмата од Општината. Со своите вработени беше работено и на локациите: Спортски рекретивен центар,,Бавчалук,, и ,,Споменик на Слободата,, и др.

Секторот -,,Градско зеленило и православни гробишта,, имаше поголеми активности во делот на кастрење на старите дрва во централното градско подрачје , засадување нови стебла и засадување на зелена површина покрај реката и градскиот парк. Исто така извршивме косење и собирање на смет од ул,,Страшо Ербапче,, до потегот на Градска депонија по повод ридско-брзинските трки на Пониква.

Поради обилните дождови во летниот период беа постојано на терен за расчистување на паднати гранки и расчистување на земјениот нанос по улиците.

Се уредуваа зелените површини на сите три главни влезови на градот, средување на зелената вегетација на локалните патишта кон селата како и патот кон излетничкото место ,, Брана Градче“.

Во Одделението,,Православни гробишта,, се вршеа следниве активности

Соодветно косење на вегетацијата и чистење во градските гробишта.

Поправка на чешми во градските гробишта.

Косење и собирање смет околу гробните места

Поправка на санитарен чвор (промена на цевки за канализација и местење на нова мрежа за за одводни води)

Кроење и кастрење на дрвца во градските гробишта.

**Сектор „Геотерма“,** за периодот од вториот квартал, Април-Јуни од 2024 година, функционираше и работеше согласно своите технички можности.

Во овој временски период имаме вкупно фактурирана геотермална вода од 18.025 $m^3$, кое споредено со истиот период од минатата 2023 година, имаме намалена количина за 14.649 $m^3$, односно 44.83% помалку.

Што се однесува до количините на реинектираната геотермална вода, во ова тромесечје имаме реинектирано 6.190 $m^3$ геотермална вода или 24.19% од вкупно експлоатираната геотермална вода. Споредено со истото тромесечје од претходната година имаме намалено реинектирање за 50.08%.

Во овој период навремено се вршеше отчитување на водомерите кај потрошувачите, изготвување на записници за истото, а врз база на нив се изготвуваа и доставуваа фактурите за потрошена геотермална вода до потрошувачите.

Согласно обврските на КЈП “Водовод” како концесионер, навремено е подготвен и доставен кварталниот извештај за концесиски надоместок до Министерство за Економија на Република Северна Македонија – Сектор за минерални суровини, а се изготвуваат и месечните статистички извештаи, кои се испраќаат до Државен завод за статистика.

Превентивно се оддржуваше постоечката опрема и интервентно се решаваа сите технички проблеми, се со цел успешно функционирање на целиот систем.

Направена е замена на заменскиот трансформатор со нашиот трансформатор, кој беше на репарирање.

Перманентно се следи и евидентира промената на статичкото ниво на аквиферот и врз основа на нашите анализи на крајот од ова тромесечје имаме раст на статичкото ниво за 2.64 m во однос на истиот период од минатата година.

Елаборирани се можни решенија за зголемување на реинектирањето на искористените количини на геотермална вода од потрошувачите, се со цел оддржливост на лежиштето.

Согласно правилникот за техничко водење и надзор при експлоатација на геотермална вода од геотермалниот систем “Геотерма”, се води книга за техничко водење, која се пополнува секој месец.

Подготвени и доставени, План за управување со отпад и потврда за финансиска гаранција, согласно член 83 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22 од 21.04.2022 година), до Министерство за Економија на Република Северна Македонија – Сектор за минерални суровини.

Подготвен и доставен Годишен статистички образец за енергија ЕНЕ.58 за 2023 година, во согласност Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година (“Службен весник на Република Македонија” бр.29/23).

## III.Остварени приходи и расходи за период од 01.01 до 30.06.2024 год.споредени со истиот период 2023 год. по Сектори

**ПРИХОДИ**

*Tabela 3*

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2023 | 2024 | |
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 75.705.630,59 | 73.061.786,65 | **0.97** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 17.559.469,50 | 11.901.146,00 | **0.68** |
| 3. | **Сектор “Комунална Хигиена “** | 24.662.013,85 | 27.400.981,55 | **1.11** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 4.471.683,81 | 4.670.189,73 | **1.04** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | 109.314.00<br>2.381.246,31<br>2.217.977,00 | 109.314,00<br>2.680.781,79<br>972.517,00 | **0.80** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | 231.573,50 | 275.288,50 | **1.19** |
| | **Вкупно** | **127.338.908,56** | **121.072.005,22** | **0.95** |

**РАСХОДИ**

Табела 4

| Ред. број | Сектор | Година 2023 | Година 2024 | Коефициент 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 82.249.271,04 | 74.929.984,44 | 0.91 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 13.470.974,56 | 9.951.238,85 | 0.74 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 20.867.331,36 | 24.601.016,56 | 1.18 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 6.642.864,30 | 7.701.342,67 | 1.16 |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | <br>1.904.002,53<br>12.696.897,91<br><br>9.984.760,56 | <br>2.206.996,27<br>13.932.922,43<br><br>8.659.693,70 | 1.01 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | 1.600.394,99 | 1.699.007,94 | 1.06 |
| | **Вкупно** | **149.416.497,25** | **143.682.202,86** | **0.96** |
| | **Остварен резултат добивка /загуба** | **-22.077.588,69** | **-22.610.197,64** | **1.02** |

Во периодот од 01.01 до 30.06.2024 год. е остварен финансиски резултат односно загуба во износ од **22.610.197,64** ден. Анализата на остварените приходи во извештајниот период укажува дека приходите бележат намалување за 5% во однос на истиот период од 2023 год. и расходите споредени со истиот период од 2023 год. бележат намалување за 4 % .

**Остварени финансиски резултати од работењето по Сектор - добивка / загуба**

Табела 5

| Ред. број | Сектор | Година 2023 | Година 2024 | Коефициент 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | -6.543.640,45 | -1.868.197,79 | 0.71 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 4.088.494,94 | 1.949.907,15 | 0.48 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 3.794.682,49 | 2.799.964,99 | 0.74 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | -2.171.180,49 | -3.031.152,94 | 0.40 |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | <br>-1.794.688,53<br><br>-10.315.651,00<br><br>-7.766.783,56 | <br>2.097.682,27<br><br>-11.252.140,64<br><br>-7.687.176,70 | 0.06 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | -1.368.821,49 | -1.423.719,44 | 0.04 |
| | **Вкупно** | **-22.077.588,69** | **-22.610.197,64** | **0,02** |

**Остварени финансиски резултати за период од 01.01 до 30.06.2024 год.со распоред на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој "**

Табела 6

| Ред. број | Сектор | 2024 год. |
|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | -14.221.592,83 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | -2.766.843,85 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | -1.467.571,62 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | -4.154.188,90 |
| | **Вкупно** | **-22.610.197,64** |

Остварените финансиски резултати од деловното работење за извештајниот период од 01.01 до 31.06.2024 год. со распоредување на трошоците по утврдени критериуми за учество на трошоците од Сектор "Менаџмент", Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи" и Сектор "ИТ и развој" ќе констатираме дека Сектор " Комунална Хигиена ", Сектор "Геотерма " ,Сектор " Водовод и Канализација " и Сектор " Градско зеленило и гробишта " се со негативен финансиски резултат.

**Структура на вкупните приходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 30.06.2024 год.**

**Табела 7**

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 73.061.786,65 | **60.35** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 11.901.146,00 | **9.83** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | 27.400.981,55 | **22.63** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 4.670.189,73 | **3.86** |
| 5. | **Сектор "Менаџмент"** | 109.314,00 | **0.09** |
| 6. | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | 2.680.781,79 | **2.21** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | 972.517,00 | **0.80** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | 275.288,50 | **0.23** |
| | **Вкупно** | **121.072.005,22** | **100** |
| | **Планирани приходи за 2024 год.<br>307.579.015 : 4 квартала = 76.894.754 x 2 =** | **153.789.508,00** | **78.73** |

**Структура на вкупните расходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 30.06.2024 год.**

**Табела 8**

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 74.929.984,44 | **52.15** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 9.951.238,85 | **6.93** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | 24.601.016,56 | **17.12** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 7.701.342,67 | **5.36** |
| 5. | **Сектор "Менаџмент"** | 2.206.996,27 | **1.54** |
| 6. | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | 13.932.922,43 | **9.70** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | 8.659.693,70 | **6.03** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | 1.699.007,94 | **1.18** |
| | **Вкупно** | **143.682.202,86** | **100** |
| | **Планирани расходи за 2024 год.<br>370.579.693 : 4 квартала =92.644.923 x 2 =** | **185.289.846,00** | **77.54** |

**Тековни побарувања со состојба на ден 30.06.2024 год.**

**Табела 9**

| Ред. број | Основ | Износ 30.06.2023 год. | Износ 30.06.2024 год. | Коефициент 30.06.2024/ 30.06.2023 |
|---|---|---|---|---|
| **А.** | **Побарувања по основ на стоки и услуги од фирми,граѓани и дуќани** | **264.611.076,00** | **269.384.229,00** | **1.02** |
| 1 | Побарувања од граѓани | 203.630.777,00 | 204.215.281,00 | **1.01** |
| 2 | Побарувања од дуќани | 6.413.052,00 | 5.957.801,00 | **0.93** |
| 3 | Побарувања од фирми | 54.567.247,00 | 59.211.247,00 | **1.09** |

Анализирајќи ги теквоните побарувања се констатира дека вкупните побарувања споредени со истиот период од 2023 год. се зголемени за 2 %, од кои кај дуќаните се намалени за 7 %, кај домаќинствата се намалени за 1 % и кај фирмите се зголемени за 9 % .

### Тековни обврски со состојба на ден 30.06.2024 год.

**Табела 10**

| Ред. број | Основ | Износ 31.06.2023 год. | Износ 31.06.2024 год. | Коефициент 31.06.2024/ 31.06.2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Обврски по основ на стоки и услуги** | **74.877.931,00** | **130.088.410,00** | **1.74** |
| 2. | **Обврски кои доспеват за 1 година** | **20.308.549,00** | **32.189.592,00** | |
| | **262002 - KFW банка** | 1.018.358,00 | 1.018.358,00 | |
| | **262003 - Фонд за води** | 1.290.191,00 | 2.396.069,00 | |
| | **262004 - ЕДС** | 18.000.000,00 | 28.775.165,00 | |
| 3. | **Долгорочни обврски** | **51.828.027,00** | **30.919.390,00** | |
| | **282001 - Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата** | 16.660.165,00 | | |
| | **284001 - Обврски за надомест за фонд за води** | 2.580.394,00 | 368.638,00 | |
| | **286001 - Долгорочни обврски врс основа на заеми,кредити-KFW банка** | 32.587.468,00 | 30.550.752,00 | |
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | | **147.014.507,00** | **193.197.392,00** | |

### Обврски по основ на стоки и услуги кон фирми со поголем износ на ден 30.06.2024год.

| Ред.број | Основ | Износ |
|---|---|---|
| | **Обврски по основ на стоки и услуги** | **58.967.237,00** |
| 1. | ЕВН Хоме | 47.618.126,00 |
| 2. | ЕСМ Продажба | 16.759.496,00 |
| 3. | Инфинит Енерџи | 12.096.223,00 |
| 4. | Електродистрибуција | 5.362.733,00 |
| 5. | Ваталко | 8.277.667,00 |
| 6. | Авто Петрол | 3.824.976,00 |
| 7. | Водопласт | 2.018.343,00 |
| 8. | Винер Виена Иншуренс груп | 4.968.501,00 |
| 9. | ЦМЦ Гроуп | 4.389.065,00 |
| 10. | Каз груп | 1.060.856,00 |
| 11. | Металокомерц | 1.117.584,00 |
| 12. | Фортуна груп | 1.009.070,00 |

Комуналното Јавно Претпријатие за период до 31.06.2024 год. ги има измирено сите обврски по основ на бруто плати и јавни давачки. **Обврски по основ на стоки и услуги** споредени со истиот период од 2023 год. се зголемени за 74 % .

**Тековни залихи со состојба на ден 30.06.2024 год.**

Табела 11

| Ред. број | Основ | Износ 30.06.2023 год. | Износ 30.06.2024 год. | Коефициент 30.06.2023/ 30.06.2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Залихи на репроматеријали - 310** | 9,069,590,43 | 8.984.933,82 | **0.99** |
| 2 | **Залихи на ситен инвентар - 350** | 1,740,473,54 | 1.863.082,43 | **1.07** |
| 3 | **Залихи на трговски стоки - 660** | 337,433,58 | 905.478,64 | **2.68** |
| 4 | **Залихи на стоки во продавница – 663** | 208,216,00 | 208.216,00 | **1.00** |
| | **Вкупно** | **11,355,713,55** | **11.961.710,89** | **1.05** |

Залихите на репроматеријали и инвентар во извештајниот период споредени со истиот од 2023 год. бележат зголемување за 5 % .

КЈП " Водовод " од деловното работење за период од 01.01 до 30.06.2024 год.оствари финансиски резултат односно загуба од **22.610.197,64** денари.

**Изработил** **Директор**

____________________ ____________________